З А П И С Н И К
Од 16 - та седница на Советот на Општина Велес
која се одржа на 02.10.2026 година

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 22 членови на Советот.

Потоа ја отвори 16-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:30 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 15-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 15-та седница и по гласањето се утврди дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ беше усвоен Записникот од 15-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
2.Предлог – одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
3.Предлог – одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес;
4.Предлог – решение за исправка на Решение за именување на претседател и членови на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“;
5.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда за животно дело Гемиџии;
6.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф.д-р. Ѓорѓи Шоптрајанов;
7.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9 Ноември признанија на Општина Велес;
8.Наративен и финансиски Извештај за културната манифестација 63 Рацинови средби;
9.Наративен и финансиски Извештај за културната манифестација 21 Интернационален фолклорен фестивал;
10.Наративен и финансиски извештај за реализација на XXVI Вардарска регата „Гемиџии 2026“ на Извиднички одред „Димитар Влахов“ - Велес;
11.Предлог – решение за давање согласност за формирање на воспитна група со помал број ученици на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2026/2027 година;
12.Предлог – решение за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2027 година;
13.Предлог – решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2027 година;
14.Предлог – решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес за 2027 година;
15.Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2025/2026 година;
16.Предлог – годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026/2027 година;
17.Предлог – решение за разрешување член на Локален младински совет на Општина Велес;
18.Предлог – решение за именување член на Локален младински совет на Општина Велес;

Претседателот наведе дека до него е доставено Барање со бр.08-4056/3 од 30.09.2026 година за дополнување на дневен ред од Градоначалникот, со точка Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи.

По дадено образложение за итноста на точката од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова, се премина кон гласање.

По гласањето се констатираше дека од 21 присутен член на Советот, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница под реден број 3.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 21 присутен член на Советот со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
2.Предлог – одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
3.Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи;
4.Предлог – одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес;
5.Предлог – решение за исправка на Решение за именување на претседател и членови на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“;
6.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда за животно дело Гемиџии;
7.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф.д-р. Ѓорѓи Шоптрајанов“;
8.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9 Ноември признанија на Општина Велес;
9.Наративен и финансиски Извештај за културната манифестација 63 Рацинови средби;
10.Наративен и финансиски Извештај за културната манифестација 21 Интернационален фолклорен фестивал;
11.Наративен и финансиски извештај за реализација на XXVI Вардарска регата „Гемиџии 2026“ на Извиднички одред „Димитар Влахов“ - Велес;
12.Предлог – решение за давање согласност за формирање на воспитна група со помал број ученици на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2026/2027 година;
13.Предлог – решение за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2027 година;
14.Предлог – решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2027 година;
15.Предлог – решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес за 2027 година;
16.Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2025/2026 година;
17.Предлог – годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026/2027 година;
18.Предлог – решение за разрешување член на Локален младински совет на Општина Велес;
19.Предлог – решение за именување член на Локален младински совет на Општина Велес;

Се премина кон расправа на точките:

ТОЧКА 1.Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;

Маја Демерџиева, член на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администатација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања, се јавија: Јованче Манасков и Маја Демерџиева.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

ТОЧКА 2.Предлог – одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;

Маја Демерџиева, член на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администатација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика, се јавија: Јованче Манасков, Маја Демерџиева, Мирјана Петрушевска Савова, Звездanка Пешиќ, Елизабета Митревска Анѓелеска, Лилија Чолакова Дервишова и Милка Панова.
Овластениот претставник од Општина Велес наведе дека дел од поставените прашања треба да се достават до ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“, 3 гласа „против“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

ТОЧКА 3.Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи;

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администатација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 17 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи.

ТОЧКА 4.Предлог – одлука за изменување на Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес;

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес.

ТОЧКА 5.Предлог – решение за исправка на Решение за именување на претседател и членови на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“;

Изабела Апцева, член на Комисијата за статут и прописи поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева, беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Решението за исправка на Решението за именување на претседател и членови на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“.

ТОЧКА 6.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда за животно дело Гемиџии;

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е поднесен Амандман со бр.08-4056/4 од 02.10.2026 година.

Александар Илиевски, член на Комисијата за статут и прописи поднесе Извештај по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по Амандманот.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа и прашања се јави: Јованче Манасков .
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда за животно дело Гемиџии.

ТОЧКА 7.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф.д-р. Ѓорѓи Шоптрајанов;

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е поднесен Амандман со бр.08-4056/6 од 02.10.2026 година.

Александар Илиевски, член на Комисијата за статут и прописи поднесе Извештај по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по Амандманот.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф.д-р. Ѓорѓи Шоптрајанов.

ТОЧКА 8.Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9 Ноември признанија на Општина Велес;

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е поднесен Амандман со бр.08-4056/5 од 02.10.2026 година.

Александар Илиевски, член на Комисијата за статут и прописи поднесе Извештај по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по Амандманот.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9 Ноември признанија на Општина Велес.

ТОЧКА 9.Наративен и финансиски Извештај за културната манифестација 63 Рацинови средби;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева, беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за културната манифестација 63 Рацинови средби.

ТОЧКА 10.Наративен и финансиски Извештај за културната манифестација 21 Интернационален фолклорен фестивал;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претседателот на „Интернационален фолклорен фестивал“, Томе Јаневски беше дадено образложение по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Маја Демерџиева.

Одговор на поставените прашања, даде претседателот на „Интернационален фолклорен фестивал“.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за културната манифестација 21 Интернационален фолклорен фестивал.

ТОЧКА 11.Наративен и финансиски извештај за реализација на XXVI Вардарска регата „Гемиџии 2026“ на Извиднички одред „Димитар Влахов“ - Велес

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставникот на Извидничкиот одред „Димитар Влахов“ – Велес, м-р Анѓелче Гушев беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа, прашања и дискусија се јавија: Лилија Чолакова Дервишова, Маја Демерџиева, Слободан Ников и Селма Амедоска.

Одговор на поставените прашања даде претставникот на Извидничкиот одред „Димитар Влахов“ – Велес.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Извештајот за реализација на XXVI Вардарска регата „Гемиџии 2026“ на Извиднички одред „Димитар Влахов“ – Велес.

ТОЧКА 12. Предлог – решение за давање согласност за формирање на воспитна група со помал број ученици на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2026/2027 година;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес, Василка Ѓурчиновски беше дадено појаснување по оваа точка.

Се отвори расправа.

На расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Јованче Манасков, Звезданка Пешиќ, Лилија Чолакова Дервишова, Елизабета Митревска Анѓелеска и Маја Демерџиева.

Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност за формирање на воспитна група со помал број ученици на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2026/2027 година.

ТОЧКА 13. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2027 година;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на Директорката на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа и прашања се јави:Анета Стајиќ.

Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 16 присутни, со 16 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Одлука за намален број на деца во групите во Објектот „Пинокио” на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2027 година.

ТОЧКА 14. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2027 година;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на Директорката на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Анета Стајиќ, Јованче Манасков, Звезданка Пешиќ и Елизабета Митревска Анѓелеска.

Како издвоено прашање на членот Јованче Манасков се наведува следното: Бара писмено во кои објекти и за колкав број деца се бара зголемување на децата во групите во градинката,како и да му се достават записници од родителски средби по објект по група на кои се избрани членови на совет на родители.

Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 17 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“се донесе Решението за давање согласност на Одлука за поголем број на деца во групите на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” Велес за 2027 година.

ТОЧКА 15.Предлог – решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес за 2027 година;

Изабела Апцева, член на Комисијата за статут и прописи поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка

Од страна на директорката на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес за 2027 година.

ТОЧКА 16.Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2025/2026 година;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 14 гласа „за“, 2 гласа „против“ и 3 гласа „воздржан“ се усвои Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2025/2026 година.

ТОЧКА 17. Предлог – годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026/2027 година;

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на Директорката на ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Анета Стајиќ.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 13 гласа „за“ и 4 гласа „воздржан“, се усвои Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес за 2026/2027 година.

ТОЧКА 18. Предлог – решение за разрешување член на Локален младински совет на Општина Велес;

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за“ се донесе Решението за разрешување член на Локален младински совет на Општина Велес, со кое се разрешува Кристијан Мартинов.

ТОЧКА 19. Предлог – решение за именување член на Локален младински совет на Општина Велес;

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 17 гласа „за“ се донесе Решението за именување член на Локален младински совет на Општина Велес со кое се именува Лана Басаров.

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:30, а заврши во 15:15 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
_.10.2026 година
Велес